Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Бр. 0506-55/2
18.10.2024, Скопје

U.S. Embassy Skopje

За потребите на проектот „Младите против врсничкото насилство", финансиран од Амбасадата на САД во Скопје, врз основа на Договорот за грант меѓу Амбасадата на САД во Скопје и Институтот за човекови права бр. 0307-50/1 од 18.09.2024 година (во понатамошниот текст: Договор за грант), програмскиот тим на Институтот за човекови права испраќа:

ПОКАНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ 2/2024
за набавка на услуги за печатење на памфлети

1. Институтот за човекови права (ИЧП), во рамките на проектот „Младите против врсничкото насилство" (финансиран од Амбасадата на САД во Скопје) има потреба од **набавка на услуги за печатење на памфлети,** која ќе биде неопходна за успешно реализирање на програмските активности.

2. Опис на услугата:
   - Подготовка и печатење на памфлети

   Подетален опис на услугите е даден во техничката спецификација 2/2024 која е дел од оваа покана.

3. Фази на спроведување (прелиминарна временска рамка)
   Услугата треба да се испорача во периодот **од октомври 2024 до ноември 2024**.

4. ИЧП ќе склучи договори со избраниот понудувач за реализација на услугите наведени во оваа покана.

5. За таа цел, ве молиме да ни доставите Ваша понуда за горенаведената покана. Понудата треба да содржи квалитативна и финансиска понуда.

   Квалитативниот дел на понудата треба да се состои од:
   - Листа на референци; и
   - Примери на претходно изработени слични материјали (портфолио на изработени производи, линкови до интернет страници, итн.).

   Финансискиот дел од понудата треба да биде во следниот формат:

Ставка	Опис на производ/услуга	Количина	Единечна цена без ДДВ (во МКД)	Вкупно цена без ДДВ (во МКД)
1.	Техничка припрема и печатење на памфлети	1.000		
			ВКУПНО	

6. Изборот на добавувачот ќе се врши по пат на евалуација на квалитативната и на финансиската понуда. Договор ќе се склучи со понудувачот чија понуда е:
   а) Соодветна и прифатлива и
   б) Ги задоволува следниве критериуми:
   - Квалитативни критериуми: 40%

- Финансиска понуда: 60%

За **финансиската евалуација** ќе се земат предвид само кандидатите кои ќе добијат минимум 28 поени во квалитативната евалуација.

За одредување на бодовите на финансиската понуда ќе се користи следнава формула: **број на бодови = (најниска понудена цена x максимален број на бодови) / цена на понудата**

Квалитативна евалуација:

Критериуми	**Максимум поени 40**
Референци До 5 референци = 10 поени Над 5 референци = 20 поени	20
Претходно изработени слични ангажмани (памфлети и слични промотивни материјали) До 4 примери на претходно изработени слични ангажмани = 8 поени 5-10 примери = 14 поени Над 10 примери = 20 поени	20

7. Услови и начин на плаќање

Проектот е ослободен од ДДВ, а понудувачот ќе добие соодветни документи за изработка на фактурата. Плаќањето ќе биде извршено по доставување на фактура, во рок од 30 дена.

8. Начин на доставување на понудите.

Понудите се доставуваат по електронски пат, на следниов e-mail: vesna.stefanovska@ihr.org.mk.

Краен рок на доставување на понудите е до **25.10.2024 година.**

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

За сите дополнителни појаснувања може да се обратите на е-маил адреса vesna.stefanovska@ihr.org.mk најдоцна до **22.10.2024 година**.

Здружение на граѓани Институт за човекови права

Весна Стефановска
Институт за човекови права

СПЕЦИФИКАЦИЈА ЗА НАБАВКА НА УСЛУГИ ЗА ПЕЧАТЕЊЕ НА ПАМФЛЕТИ 2/2024

Памфлетите треба да бидат испечатени со логото на донаторот, логото на Институтот за човекови права и дисклејмер, кои ќе бидат обезбедени од страна на ИЧП.

Памфлети

Формат	А4
Хартија	130 гр кунздрук, виткање триплет
Печат	Full color 4/4
Тираж	Вкупно 1.000 (800 на македонски јазик и 200 на албански јазик)

